**МАРКОВА, Меги**

УДК: 347.965.42:343.91-053.2/.6(497.7)

# ПРИМЕНА НА МЕДИЈАЦИЈАТА СПРЕМА ДЕЦА ВО СУДИР СО ЗАКОН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**

Во научниот труд „Примена на медијацијата спрема деца во судир со закон во Република Северна Македонија" ќе биде опфатена положбата на децата во Законот за правда за децата, односно ќе биде образложена медијацијата како концепт на ресторативна правда. Исто така, ќе биде објаснето што всушност претставува медијацијата, постапката на медијација според Законот за правда за децата, односно условите за нејзина примена, траењето и спроведувањето на оваа постапка, а исто така и колкава е нејзината примена во нашата држава.

**Клучни зборови**: *ресторативна правда, деца, кривично дело, медијација.*

**MARKOVA Megi**

UDK: 347.965.42:343.91-053.2/.6(497.7)

# APPLICATION OF MEDIATION FOR CHILDREN IN CONFLICT WITH THE LAW IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Absract:** The scientific work 'Application of mediation towards children in conflict with the law in the Republic of North Macedonia' will cover the position of children in the Law on Child Justice, in fact mediation will be explained as a concept of restorative justice.It will also be explained what is mediation procedure according to the Law on Justice for Children ie the conditions for its pplication, duration and implementation of this procedure, and also how much is its application in our country.

**Keywords:** *restorative justice, children, crime, mediation*

## ВОВЕД

Детето, без разлика на тоа што сторило и во каква ситуација се нашло, е секогаш и пред сè дете. Децата кои доживеале многубројни негативни искуства во детството, биле изложени на траума, биле жртви на насилство, се оние што најчесто се наоѓаат во ситуација да дојдат во конфликт со законот, бидејќи кршењето на правилата го гледаат како самозаштитна реакција. Без соодветен одговор на правосудниот, образовниот систем и системот за социјална заштита, овие деца можат да навлезат во потешки и подлабоки криминални води. За нив е неопходна рехабилитација, ресоцијализација, реинтеграција во форма на социјални услуги, образование, стручна

обука, поврзување со заедницата и пазарот на труд.[1] Потребен е систем кој ќе биде сензитивен кон децата, нема да ја зголеми туку ќе ја минимизира траумата и ќе биде во функција на најдобриот интерес на детето, знаејќи дека детството е период кој е многу чувствителен и подложен на влијанија.

Во последните 20 години ресторативната правда е сè позастапена и сите држави употребуваат некои механизми што имаат ресторативен пристап. Сепак, останува уште многу да се направи за подигнување на свеста на професионалците, но и на јавноста.[2] Ресторативниот процес всушност ги вклучува сторителот и жртвата да учествуваат во решавање на последиците и проблемите кои настанале со кривичното дело, да се дојде до пронаоѓање заедничко решение како реакција за стореното, многу често со помош на посредник, па така ваквите процеси најчесто ја вклучуваат медијацијата, помирувањето и слично.

За разлика од традиционалниот, односно ретрибутивниот модел, медијацијата може да даде одговор на голем број недостатоци, како и позитивно да влијае врз развојот на децата. Овозможува поинакво сфаќање за правдата и пристапот кон децата и остава простор за поддршка и зацелување. Медијацијата како концепт на ресторативната правда и како флексибилна постапка не бара утврдување грешки и не е фокусирана на потребата да се казни некоја страна. На овој начин ефикасно се постигнува целта, а тоа е детето кое било во конфликт со законот, по овој процес да биде поспособно за одговорен живот во заедницата, а истовремено да не врши негово дополнително трауматизирање. За најдобро да се оствари целта, потребно е ослободување од строгиот формализам на начин што кривичното дело би било сфатено како настан што предизвикал штета како за жртвата, како и за заедницата. Детето го следат недоволен психички и емотивен развиток, недоволно животно искуство кое придонесува кон послаба способност за самоконтрола и управување со сопствените емоции, желби, фрустрации и не секогаш може успешно да направи дистинкција помеѓу општествено прифатливо и неприфатливо однесување. Сето ова го оправдува посебниот начин на постапување спрема децата.

## Медијацијата како концепт на ресторативната правда

При постапувањето со децата кои дошле во судир со законот, традиционално би се користел ретрибутивниот модел кој во многу случаи се покажал дека дополнително ги ретрауматизира децата и наместо да ги одврати од криминални дејства, ја зголемува веројатноста дека ќе го повторат делото. За разлика, „медијацијата, како метод за посредување и помирување на жртвата и сторителот на кривичното дело, претставува модел кој се вбројува во алтернативните разрешувања на конфликти настанати со кривично дело. Нејзиното место во казненото право произлегува од напорите за примена на методите на ресторативна правда која има за цел надминување на ретрибутивниот приод во казнувањето кој е ориентиран само кон делото и сторителот“[3].

[1] Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022), стр. 8;
[2] Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022), стр. 11 и стр.12;
[3] Лажетиќ – Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О., Ресторативна правда спрема деца, стр. 14 стр.15;

Во нашата држава медијацијата е регулирана уште од 2006 година кога се донесе првиот Закон за медијација, сепак при крајот на 2013 година беше донесен целосно нов закон кој со примена започна после девет месеци по неговото донесување, а сега новиот Закон за медијација од 27.12.2021 година ја регулира медијацијата. Така, „медијацијата е вонсудска постапка за решавање на спорови, во која медијаторот им помага на страните по пат на преговарање да дојдат до заеднички прифатливо решение“[4]. Во оваа постапка, страните лично и доброволно учествуваат во решавањето на спорот, сами ја контролираат постапката и доаѓаат до решение. Притоа, се нуди високо ниво на доверливост, што значи дека изнесените изјави и податоци се чуваат во тајност, доколку поинаку не е договорено. Со заштеда на парични средства и време за решавање на спорот на ефикасен начин се доаѓа до крајната цел, а тоа е задоволство на сите страни кои учествувале во постапката.

Во оваа постапка сите страни се чувствуваат како победници, односно се доаѓа до win-win ситуација, а притоа е брза постапка за разлика од судската постапка која може да биде бавна. Исто така, во медијацијата се применуваат начелата на: доброволност, рамноправност и неформалност, непристрасност, доверливост, достапност на информации, еднаквост, правичност, ефикасност и економичност. „Во врска со прашањето кој медијатор ќе ја спроведува постапката на медијација и ќе ги води средбите на преговори помеѓу страните учесници, самите имаат право слободно да изберат медијатор, еден или повеќе медијатори (ко-медијација) што ќе посредува при решавање на спорот во кој западнале. Медијаторот се избира од редот на запишаните лица во Именикот на лиценцирани медијатори што го води Комората на медијатори“[5].

Со новиот Закон за медијација во членот 1 се наведува и се проширува опсегот на медијабилни спорови, а исто така останува и можноста одредбите од овој закон да бидат применувани во кривични предмети, ако не е определено поинаку со посебен закон. „Постапката на медијација може да трае најмногу во период од 60 дена, а согласно новиот Закон за медијација од декември 2021 година, овој рок е продолжен и таа мора да заврши во рок од 90 дена.“[6] Според нашето законодавство, односно Законот за правда за децата е предвидено дека медијацијата треба да заврши во рок од 45 дена.

**Постапка на медијација според Закон за правда за децата**

„Законот за малолетничка правда донесен 2007 (што почна да се применува 2009 година), со оглед на неговиот ресторативен карактер, по првпат ја регулира и ја предвидува казнената медијација.“[7] Исто така и неговиот следбеник, Закон за правда за децата во неговата широка палета од можности, за децата во судир со законот ја вклучува медијацијата. Сепак, за сите прашања поврзани со медијацијата што не се уредени со ЗПД се користи Законот за медијација, како lex generalis. Како што

[4] Атанасова Г., Работи кои треба да ги знаете за медијацијата, Комора на медијатори на Република Северна Македонија https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/;
[5] Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л., (2022), Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, стр.17;
[6] Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л., (2022), Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, стр.16;
[7] Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022), стр. 15;

споменавме, детето не секогаш може успешно да направи дистинкција помеѓу општествено прифатливо и неприфатливо однесување и затоа целта е преку дијалог и дискусија да му се овозможи да сфати што всушност сторило и крајниот ефект е сочувство со жртвата, преиспитување на сопственото однесување и согледување на причините кои довеле до тоа. Преку дискусија, кај детето треба да се разбуди согледување на настанот од друг аспект, на начин што ќе сфати како се чувствувала жртвата во текот на делото и да ги разбере нејзините страдања. На детето му се дава можност да разбере каде згрешило и дека со неговото дејствие можеби повредило туѓи чувства, тело или пак имот и на овој начин не се става фокусот само на казнувањето.

Без оформување на криминално досие за детето и без да се изгуби неговата самодоверба, тоа треба да почувствува одговорност за стореното и да се поттикне взаемно разбирање со жртвата и обид за помирување што може да резултира со извинување, поправање на штетните последици, односно обештетување и слично. Поради сите овие бенефити кои може да произлезат од ваквата постапка во глава дванаесетта од Законот за правда за децата, во членот 79 се пропишани условите за медијација, односно „по пријава за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело и за кое е предвидена казна затвор до пет години, надлежниот јавен обвинител, по претходно информирање и писмена согласност на детето и неговиот законски застапник, бранителот и оштетениот може да ги упати страните на постапка за медијација.

Сепак, во членот 79 став 4 од ЗПД се исклучува можноста за медијација за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против половиот морал и половата слобода и родово засновани облици на насилство врз женски лица. Како што наведовме и погоре, законодавецот има одредено колку може максимално да изнесува времетраењето на постапката на медијација спрема деца, а тоа е најмногу 45 дена од денот на доставување на писмената согласност до надлежниот орган. Сепак, доколку овој рок не биде испочитуван медијаторот е должен без одлагање да го извести јавниот обвинител или судијата за деца и го враќа предметот, а постапувањето продолжува онаму каде што претходно било прекинато. Исто така, нашето законодавство, односно Законот за правда за децата пропишува општи и посебни услови кои треба да ги исполнува лицето кое може да биде медијатор и да работи во спорови во кои се инволвирани деца. „Како општ услов е предвидено дека медијаторот за деца мора да биде деловно способно физичко лице кое е непристрасно и незаинтересирано за исходот од медијацијата. Тој не смее да наметнува решенија, туку низ процесот на преговарање и договарање да им помогне на страните да ги остварат своите права и процесни можности во текот на медијацијата."[8] Како посебни услови пак, во членот 82, од медијаторот се бара да поседува одредено образование, вештини и обука за медијација за деца, односно високо образование и петгодишно искуство во работењето со деца, да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност за време додека трае таа, како и да има сертификат издаден или признат од Министерството за правда за завршена обука и да биде запишан во Именикот на медијатори. Медијаторот треба да биде личност која има способност за комуницирање,

[8] Коментар на Законот за правда за децата со практикум, (2018), стр. 237;

разрешување на конфликти, емтпатичност и разбирање, како и соодветен приод кон страните, односно жртвата и сторителот.

Спроведувањето на постапката започнува со тоа што медијаторот во договор со странките ќе ги определи термините на медијацијата, а присуството на страните во текот на постапката е задолжително. Медијаторот може да комуницира со страните заедно или одвоено. И пред започнување на постапката должен е да ги запознае страните со начелата, правилата и трошоците, а исто така и да ги почитува начелата, да ги земе предвид сите околности на предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно решавање на спорот. „Страните и медијаторот, доколку поинаку не се договориле, можат во кое било време во текот на постапката да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот.“[9] Ова е пожелно за да има ефикасност од постапката и побрзо решавање на спорот, па затоа потребно е секоја од страните да има можност да даде предлози, како и да се произнесе по предлозите на другата страна. Најчесто, медијацијата како постапка минува низ четири фази и ги опфаќа монологот, дијалогот, потоа компромисот и спогодбата. Откако ќе се одредат термини, ќе се испочитуваат начелата, правилата на постапката, ќе се воспостави комуникација помеѓу медијаторот и страните, односно ќе бидат одржани средби без разлика дали страните посебно ќе се состануваат со медијаторот или пак заедно, во зависност од карактеристиките на случајот, на крајот се доаѓа до завршување на постапката. „Постапката за медијација завршува:

- со склучување на писмена спогодба од страна на медијаторот и страните за постигнатата согласност за надоместок на материјалната и морална сатисфакција,
- со писмена изјава на медијаторот по извршените консултации со страните дека не се оправдани натамошни обиди за медијација, на денот на поднесување на изјавата,
- со истекот на рокот предвиден за завршување на постапката за медијација.“[10]

Накратко, ова би значело дека медијацијата може да биде успешна доколку се постигне спогодба, неуспешна пак доколку не се одржи ниту една средба или пак самиот медијатор дојде до заклучок дека нема да биде успешна и доколку во рок од 45 дена не се склучи спогодба, а овој законски рок е поставен сè со цел за побрзо и ефикасно разрешување на спорот. Законодавецот, исто така, предвидел дека секоја страна во кое било време може да се откаже од постапката, едноставно да се предомисли и да се повлече. Во овој случај странaта треба да поднесе изјава за откажување и не мора да ја образложи својата одлука како и да ја поднесе до органот што ги упатил на медијација. Постапката на медијација може да биде запрена од страна на медијаторот со одлука доколку страните се договориле за предмет на спогодба којшто не е во рамки на законот или ако е неподобен за извршување. Во делот на трошоците пак, со ЗПД се пропишува дека трошоците за медијаторот паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија, според Тарифникот за награда и надоместок на трошоци на медијаторите, по утврдување на трошоците од јавниот обвинител, односно судот кој ги упатил страните на постапка на медијација.

[9] Закон за правда за децата, Службен весник број 148/2013, член 83 став 7;
[10] Закон за правда за децата, Службен весник број 148/2013, член 84;

**Дали медијацијата како постапка навистина врши влијание врз превенција на криминалитетот и деликвенцијата?**

Одговорот е да, а особено во земји коишто се напредни во смисла на свест на професионалците за потребата од ресторативен пристап. Во земјите каде постои добра традиција на применување на постапката за медијација се постигнуваат одлични резултати, правдата била задоволена, а се покажало и позитивно влијание околу превенцијата на детското престапништво. Најпрво, медијацијата преку својот процес создава здрава социјална средина која гради цврсти меѓучовечки односи и разговори и на тој начин претставува фактор кој влијае во превенција на детското престапништво. Друго, за разлика од редовната судска постапка, за децата медијацијата нема застрашувачки карактер, па од тука до израз доаѓа едукативниот аспект на самата постапка и со тоа се охрабрува детето да не стори дејствија кои се предвидени како кривични дела во законот. Исто така, наместо да се отвори криминално досие и да се издржува казна затвор, која патем со себе носи други патолошки проблеми и каде децата 'го учат занаетот од други' во смисла на разменување искуства со оние кои сториле потешки кривични дела, живеење на затворски живот и несоцијализирање, а потоа и излегување како поопасен деликвент, една од многу важните предности кои ги нуди медијацијата е преку активности, помирување и подобрување на односите на сторителот и жртвата се води кон подобрување на развојот на детето. Дополнително, преку оваа постапка се намалува и рецидивизмот кај децата со тоа што постои голема поддршка од страна на семејството, стручниот тим и заедницата. И конечно, за медијацијата може да кажеме дека е договорна правда свртена кон иднината, т.е. со неа се овозможува баланс на правдата.

**Примена на медијацијата во Република Северна Македонија**

„Во Република Северна Македонија, според Државниот совет за превенција на детско престапништво-ДСПДП, во практиката на јавните обвинителства и на судовите, медијацијата кон деца е применувана во многу мал број случаи."[11]

- ***Деца упатени на медијација во 2018 година:***

Суд – во 2018 година, судовите не упатиле ниту едно дете на медијација. Состојбата била иста и во 2017, како и во 2016 година. Во 2015 година, две деца биле упатени на медијација.

Јавно обвинителство – во 2018 година, јавните обвинителства на медијација упатиле 3 (три) деца. Сите 3 (три) се од машки пол, упатени на медијација од ЈО Тетово. Медијацијата е успешно завршена кај едно дете. Во 2017 година, јавните обвинителства

[11] https://mia.mk/%D1%81%D0%BE-%D0%B4%D0%BE%D1%81%D0%BB%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0/

не упатиле ниту едно дете на медијација. Во 2016 година две деца се упатени на медијација, во 2015 и 2014 година на медијација се упатени 8 односно 15 деца.[12]

- ***Деца упатени на медијација во 2019 година:***

Суд

Во 2019 година на медијација биле упатени вкупно четири деца, сите од ОС Тетово и сите деца се од машки род.

Јавно обвинителство

Во 2019 година, јавните обвинителства на медијација упатиле 11 деца. Десет деца се упатени на медијација од ОЈО Тетово и едно дете од ОЈО Скопје. Медијацијата е успешно завршена кај седум деца.[13]

- ***Деца упатени на медијација во 2020 година:***

Суд

Во 2020 година, судовите на медијација не упатиле ниту едно дете.

Јавно обвинителство

Во 2020 година, јавните обвинителства на медијација упатиле 11 деца. Девет деца се упатени на медијација од ЈО Тетово и две од ЈО Струмица.[14] Медијацијата е успешно завршена кај сите 11 деца, што е идентичен број со децата упатени на медијација во 2019 година, со таа разлика што успехот кај медијацијата до 2020 година е 100%.

Од овој пример се гледа дека соработката и отвореноста на јавните обвинители, судиите и медијаторите е клучна за унапредување и искористување на придобивките од медијацијата. Јавниот обвинител во овој случај ја препознал медијацијата како постапка што е подобра за децата, со која и се заобиколува нивното изложување на трауматичното искуство што можат да го имаат во судот, но и на долгата постапка.[15] Сепак, генерално потребата од поголема ангажираност на судиите и ОЈО за примена на медијацијата е голема.

Исто така, „со цел заживување на медијацијата во 2020 година беше потпишан трипартитен Меморандум за соработка помеѓу Државниот совет, Академијата за судии и јавни обвинители и Комората на медијатори, со цел изготвување курикулум и програма за обука на медијатори за деца, обука на судиите и обвинителите за предностите и бенефитите од медијацијата и другите ресторативни форми на

[12] Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година, (2019) Државен совет за превенција на детско престапништво, стр. 19;
[13] Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, (2020) Државен совет за превенција на детско престапништво, стр. 42;
[14] Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2020 година, (2021) Државен совет за превенција на детско престапништво, стр.42 ;
[15] Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022), стр. 18;

постапување."[16] Во Република Северна Македонија во Именикот на медијатори има регистрирано 46 медијатори.[17]

## ЗАКЛУЧОК

Децата кои доаѓаат во конфликт со законот најчесто се и деца кои биле жртви на многубројни негативни искуства во детството, кои биле изложени на насилство, како и трауми. Затоа, потребно е да се даде приоритет на ресторативниот пристап преку медитацијата и другите ресторативни мерки во сите фази при работењето со деца, а да се одбегне инволвирањето на децата во формалниот казнен систем и наметнувањето пунитивни санкции. Како едно од стожерните начела на овој пристап е најдобриот интерес на детето, односно сите мерки кои се преземаат во постапувањето со деца го имаат предвид најдобриот интерес на детето.

„Договорите што произлегуваат од медијацијата имаат поголеми шанси за извршување во споредба со судските одлуки и процесот е неформален, флексибилен и оневозможува 'одложувања на правниот процес', може да се реши за неколку часа, дена или недели што ја прави оваа постапка и поевтина за разлика од судските постапки. Помалку од 10% од постапките за медијација биле постапки што вклучувале деца во конфликт со законот."[18] Се покажало дека децата, како и нивните застапници не се доволно запознаени со можноста за медијација и што всушност таа значи, а истовремено судиите и јавните обвинители ретко ги упатуваат на медијација. Сепак, се покажало дека оние случаи кои биле решени со медијација дале позитивни резултати, во смисла на тоа дека децата не го повториле делото, покажале каење за она што го сториле и се помириле со другата страна. Со оглед на тоа што трошоците на медијаторот се покриваат од буџетот на државата се смета дека оваа постапка е многу подостапна од која било друга постапка.

Податоците од Годишните извештаи на Државниот совет за превенција на детско престапништво-ДСПДП на Република Северна Македонија, обезбедени според индикаторот со кој се мери бројот на упатени деца на постапка за медијација, покажуваат дека во практиката на јавните обвинителства и на судовите, медијацијата кон деца е применувана во многу мал број случаи. „Очигледно е потребно повеќе време за реално заживување на ресторативната правда кај нас, нешто што е условено од нејзината правилна афирмација и кај субјектите на постапката и кај општата јавност односно, потребни се информативни кампањи за промоција и афирмација на медијацијата со цел граѓаните да имаат предзнаења и да ги имаат на увид опциите кои што им се нудат во случај на кривичен конфликт."[19] Пред сè, потребно е отстранување на скептичноста во врска со ефективноста на оваа постапка и давање поголем напор да се разбере овој концепт како полезен и да му се поклони верба, како што во

---

[16] https://samoprasaj.mk/naacik/so-dosledno-primenuvanje-na-zakonot-za-pravda-na-deca-do-namaluvanje-na-delikvencijata/

[17] https://www.kmrsm.org.mk/medijatori/

[18] Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022), стр. 26;

[19] Лажетиќ – Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О., Ресторативна правда спрема деца, стр. 21;

соседните и светски законодавства има донесено огромен успех во сузбивањето на детското престапништво.

Така, според анализата што е направена во „Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија“ ќе ги погледнеме ‘препораките од судиите кон деца, а во насока на подобрување на примената на медијацијата. Па, во оваа смисла, судиите предлагаат:

-задолжително да се спроведе постапката за медијација пред да се поднесе барање за подготвителна постапка пред судијата за деца;

-поголема информираност на странките за постапката за медијација;

-мотивација на медијаторите со субвенционирање на поголем дел од трошоците преку Министерството за правда;

-повеќе едукација на странките, отворени дискусии и дебати.’[20]

Значи, потребно е медијацијата да биде афирмирана помеѓу пошироката јавност и запознаена со нејзините предности, да се зајакнат вештините на медијаторите со тоа што ќе се спроведуваат посебни едукативни програми за обука, исто така многу важна е и соработката помеѓу медијаторите во регионот, а како што видовме од резултатите погоре потребна е и поголема ангажираност на судиите и ОЈО за примена на медијацијата. Според сето ова, конфликтите би можеле да бидат решени на ефикасен, економичен, брз начин и како краен исход би се дошло до креативни решенија кои би одговарале на страните и би биле соодветни и применливи.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

https://mia.mk/%D1%81%D0%BE-%D0%B4%D0%BE%D1%81%D0%BB%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0/;

https://samoprasaj.mk/naacik/so-dosledno-primenuvanje-na-zakonot-za-pravda-na-deca-do-namaluvanje-na-delikvencijata/;

https://www.kmrsm.org.mk/medijatori/;

Атанасова Г., Работи кои треба да ги знаете за медијацијата, Комора на медијатори на Република Северна Македонија https://www.kmrsm.org.mk/sto-e-medijacija/;

Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2018 година, (2019) Државен совет за превенција на детско престапништво;

[20] Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л., (2022), Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија, стр.50;

Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година, (2020) Државен совет за превенција на детско престапништво;

Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2020 година, (2021) Државен совет за превенција на детско престапништво;

Закон за правда за децата, Службен весник број 148/2013;

Знаете, тие се само деца, Медијацијата и системот за правда за деца, Институција за европска политика-Скопје, (2022);

Ибиш Е., (2020) Криминолошки и казнено-правни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија, докторски труд;

Коментар на Законот за правда за децата со практикум, (2018);

Лажетиќ – Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О., Ресторативна правда спрема деца;

Лажетиќ Г., Кошевалиска О., Нанев Л., (2022), Анализа за примена на медијацијата во Северна Македонија